# ПЛАН ЗА ОЦЕНКА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

**Закон за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права (Службен весник на РМ, бр. 67 од 29.05.2009 година)**

| | |
|---|---|
| **1. Цели на законот:** | Цел: Да се уреди постапката за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права, донесени по предметите против Република Македонија, како и други прашања кои се однесуваат на извршувањето на одлуките на Европскиот суд за човекови права. |
| **2. План на оценка** | |
| 2.1. Дефинирање на причините за оценката | Обем на оценката: ограничен обем, од причина што иако законот кој е предмет на оваа оценка е донесен уште во 2009 година, неговата фактичка имплементација започна по одржувањето на првата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права, на која беа разгледувани и првите предмети/ пресуди по однос на кои беа предложени мерки за нивно извршување. Откако Владата на РМ донесе Решение за формирање на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права бр. 41-780/1 од 21 февруари 2012 година, објавено во Службен весник на РМ бр. 31/2012, првата конститутивна седница на Комисијата се одржа на 26.11.2012 година, со што впрочем започнува преземањето на дејствија на извршување на одлуките на ЕСЧП во согласност со законските одредби чија имплементација е предмет на оваа оценка. Оттука, се смета дека временскиот период од 3 години на оперативна примена на оценуваните одредби од законот е релативно краток, односно истиот не е доволен и не дозволува да се генерираат доволно податоци преку кои би се дала оценка за постигнатите резултати и би можело да се утврди влијанието кое овој закон го има во еден поширок контекст во смисла на пошироко влијание на спроведувањето на конкретно посочените одредби од овој закон во однос на иницирање покрупни измени во законодавството и промени во праксата на постапување на домашните судови во Република Македонија. |
| | За кого е наменета: за Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права, како и Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права, со цел унапредување на процесот на |

| | |
|---|---|
| | спроведување на регулативата во иднина |
| | Цел на оценката:<br>-Да се утврди успешноста и ефикасноста во извршувањето на пресудите на ЕСЧП донесени во однос на Република Македонија, во делот на примената на член 24, 25, 26 и 27 од Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права, кои подразбираат имплементација на општи и поединечни мерки за извршување, различни од исплата на правична отштета;<br>-Да се утврдат евентуалните недостатоци во функционирањето на системот за извршување на пресудите на ЕСЧП;<br>-Да се формулираат препораки во насока на промена на праксата на примена на законот, или, пак, предлагање на соодветни законски измени, доколку е тоа неопходно. |
| 2.2. Дефинирање на централните прашања за оценката | **<u>Цел</u>:**<br>Прашања за процесот на спроведување на регулативата<br>1) Колку вкупно седници на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права биле одржани во изминатиот период?<br>2) Колкав е вкупниот број на пресуди на ЕСЧП кои биле разгледувани на седниците на Комисијата?<br>3) Во однос на колку пресуди било препорачано преземање на општи и поединечни мерки за извршување согласно член 24 од законот?<br>4) Во однос на колку пресуди било препорачано преземање на поединечни мерки за извршување согласно член 25 од законот?<br>5) Во однос на колку пресуди било постапено по препораката на Меѓуресорската комисија, односно констатирано преземање на препорачаните поединечни мерки за извршување од страна на надлежните државни органи, единиците на локалната самоуправа, судството и јавното обвинителство согласно член 25 од законот?<br>6) Во однос на колку пресуди било препорачано преземање на општи мерки за извршување согласно член 26 од законот?<br>7) Во однос на колку пресуди било постапено по препораката на Меѓуресорската комисија, односно констатирано преземање на препорачаните општи мерки за извршување од страна на надлежните државни органи, единиците на локалната самоуправа, судството и јавното обвинителство согласно член 26 од законот?<br>8) Во однос на колку пресуди на ЕСЧП биле преземени некои од општите мерки за извршување на пресудите предвидени со член 27 од законот? |

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">9) Во однос на колкав број пресуди биле подготвени акциони планови/извештаи и истите биле испратени на разгледување, односно тие биле усвоени од страна на Комитетот на министри при Советот на Европа?<br><br>Прашања за резултатите на спроведување<br>(додади колку е потребно)<br>/<br>Прашања за влијание на спроведување<br>/</td></tr>
<tr><td>1.3. Метод на оценка</td><td colspan="4">Собирање на податоци преку кои ќе се верификува процесот на спроведување и ќе се утврдат активностите кои се преземени за спроведување на законот и извори на верификација дека активностите се случиле, и тоа :<br><br>а) влезните индикатори- квантитетот на ресурси кои биле потрошени при спроведување на законот, односно број на ангажирани/вработени лица во Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП кои биле ставени во служба на спроведувањето на законот во текот на оценуваниот период (крај на 2012- крај на 2015 година);<br><br>б) процесни индикатори- број на одржани седници на Меѓуресорската комисија; донесени препораки до судовите и другите релевантни институции во насока на преземање на мерки за извршување на конкретни пресуди на ЕСЧП; преземени дејствија од страна на надлежните судски и други инстанци при нивното постапување по изготвените препораки; број на поднесени акциони планови/извештаи до Комитетот на министри на Советот на Европа;<br><br>в) излезни индикатори- број на пресуди по кои надлежните судски и други државни органи преземале општи и поединечни мерки за извршување, различни од исплата на правична отштета, а по донесена препорака од страна на Меѓуресорската комисија.</td></tr>
<tr><td rowspan="5">1.4. Извори на оценка</td><td colspan="2">Институција</td><td colspan="2">Сектор/одделение</td></tr>
<tr><td colspan="2">Министерство за правда на Република Македонија</td><td colspan="2">Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>1.5. Временска рамка</td><td>Активност</td><td>Кој</td><td>Кога</td><td>Метод на</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **на спроведување на оценката** | | | | собирање на информација |
| | Собирање на потребните податоци и информации | Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП | октомви-декември 2015 | Примена на влезни, процесни и излезни индикатори, како и мноштво алатки за собирање на податоците, како што се:<br>-податоци содржани во акционите планови и извештаи подготвени од страна на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП доставени на разгледување до Комитетот на министри на Советот на Европа преку Департманот за извршување на пресудите на ЕСЧП;<br>-податоци содржани во годишните извештаи за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права за 2013 и 2014 година;<br>-податоци содржани во записниците за одржаните седници на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Меѓуресорската комисија во истиот период; -податоци од дописите, односно писмената кореспонденција воспоставена со релевантните институции во врска со одржаните седници на Комисијата, вклучавајќи ги и препораките за преземање на определени мерки за извршување на конкретни пресуди; - по потреба, користење и на други релевантни податоци. |
| | Анализа на релевантните податоци и информации | Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП | јануари-февруари 2016 | Опишувачка и објаснувачка анализа со квантитативни и квалитативни податоци и индикатори и врз основа на споредување на различни параметри. |
| | Подготовка и објавување на Извештај за оценка на спроведувањето на регулативата | Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП | март 2016 | / |